ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

14 декември 2022 година | Гевгелија | Број 16 | Година XXXXI

Врз основа на член 21-б од Законот за буџетите („Службен весник на РМ" бр.64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16 и „Службен весник на РСМ" 151/21), член 23 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.61/2004, 96/2004, 67/2007, 156/2009, 47/11, 192/15, 209/18 и „Службен весник на РСМ" бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22) и член 38 став (1) точка 43, а во врска со точка 4 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/2006, 8/2010, 18/2014, 13/2020, 2/2021 и 5/2021), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 09.12.2022 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за измена и дополнување на Одлуката за одобрување на План на програми за развој на Општина Гевгелија за 2023 година**

**Член 1**

Во Одлуката за одобрување на План на програми за развој на Општина Гевгелија за 2023 година, бр.09-2287/1 од 15.11.2022 година, прилогот - табела 1.3. Продолжување на Булевар Гевгелија (Изградба на ул.„Свети Климент Охридски") во Гевгелија (ЈДР), се заменува со нова табела.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-2462/1
09.12.2022 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх с.р.**

-----------------------------------------------------------------

Врз основа на член 89 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 09.12.2022 година, по расправата за Нацрт-Буџетот на општина Гевгелија за 2023 година, го донесе следниот

**ЗАКЛУЧОК**

1.Се утврдува Нацрт-Буџетот на Општина Гевгелија за 2023година.

2.Нацрт-Буџетот на Општина Гевгелија за 2023 година се става на јавна расправа и ќе се објави на ВЕБ-страната на Општина Гевгелија.

3.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-2463/1
09.12.2022 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх с.р.**

---------------------------------------------------

Врз основа на член 89 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21год.), Советот на Општина Гевгелија, на седницата одржана на ден 09.12.2022 година, по расправата за Нацрт-Програмата за уредување на градежното земјиште во општина Гевгелија за 2023 година, го донесе следниот

**ЗАКЛУЧОК**

1.Се утврдува Нацрт-Програмата за уредување на градежното земјиште во општина Гевгелија за 2023 година.

2.По Нацрт-Програмата за уредување на градежното земјиште во општина Гевгелија за 2023 година ќе се спроведе јавна расправа.

3.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-      2464/1
09.12.2022 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх с.р.**

**--------------------------------------------------------**

Врз основа на член 89 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21год.), Советот на Општина Гевгелија, на седницата одржана на ден 09.12.2022 година, по расправата за Нацрт-Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските патишта и улици во општина Гевгелија за 2023 година, го донесе следниот

**ЗАКЛУЧОК**

1.Се утврдува Нацрт-Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските патишта и улици во општина Гевгелија за 2023 година.

2.По Нацрт-Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските патишта и улици во општина Гевгелија за 2022 година ќе се спроведе јавна расправа.

3.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09- 2465/1
09.12.2022год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх с.р.**

---------------------------------------------------------

Врз основа на член 94 и 95 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на РМ" бр.15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16, 190/16 и „Службен весник на РСМ" бр.275/19), член 22 став (1) точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен Весник на РМ" бр.5/2002), Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост („Службен весник на РМ" бр.193/16, 72/2018 и 16/2022) и член 38 став (1) точка 8 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/2006, 8/2010, 18/2014, 13/2020, 2/2021, 3/2021 и 5/2021), Советот на Општина Гевгелија, на седницата одржана на ден 09.12.2022 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежното земјиште во Општина Гевгелија за 2022 година**

**Член 1**

Во Програмата за уредување на градежното земјиште во Општина Гевгелија за 2022 година („Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.15/2021, 7/2022 и бр.12/2022), во глава IV.„Извори за финансирање на Програмата", табелата се заменува со нова табела:

| **Р:бр** | Програ-ма | Потпро-грама | **ОПИС НА ПРОГРАМИТЕ** | **ИЗНОС** |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Д | ДА | Месна самоуправа - Капитални проекти | 150.000,00 |
| 2 | Е | ЕА | Општинска администрација- Капитални трошоци на општината | 11.400.000,00 |
| 3 | Ф | | Урбано Планирање | 21.764.844,00 |
| 4 | Ј | | Комунални дејности | 15.438.804,00 |
| 5 | Л | ЛА | Спорт и рекреација - Капитални расходи | 2.135.116,00 |
| | | | **ВКУПНО ПРИХОДИ** | **50.888.764,00** |

**Член 2**

Во Глава „V.Трошоци за реализација на програмата за уредување на градежно земјиште“, во табелата во делот „Програма ЕА – Капитални трошоци на општината“,износот „10.900.000,00“ се заменува со износот „11.400.000,00“.

Ви истата програма ЕА, во делот „потпрограма ЕА0 - Капитални трошоци на општината“, износот „10.900.000,00“ се заменува со износот „11.400.000,00“.

**Член 3**

Во Глава „V.Трошоци за реализација на програмата за уредување на градежно земјиште“, во табелата во делот „Програма ФА – Уредување на градежното земјиште-Капитални трошоци“,износот „20.000.000,00“ се заменува со износот „20.764.844,00“.

Ви истата програма ФА, во делот „потпрограма ФА0 - Уредување на градежното земјиште-Капитални трошоци “, износот „20.000.000,00“ се заменува со износот „20.764.844,00“.

**Член 4**

Во Глава „V.Трошоци за реализација на програмата за уредување на градежно земјиште“, во табелата во делот „Програма ЈГ – Изградба на системи за водоснабдување“, износот „700.000,00“ се заменува со износот „100.000,00“.

Ви истата програма ЈГ, во делот „потпрограма ЈГ0 - Изградба на системи за водоснабдување“, износот „700.000,00“ се заменува со износот „100.000,00“.

Ви истата програма ЈГ, во делот „потпрограма ЈГД - Реконструкција на дел од водоводната мрежа во Гевгелија (замена на азбестните цевки и подобрување на мрежата за водоснабдување)“, износот „100.000,00“ се заменува со износот „0,00“.

Ви истата програма ЈГ, во делот „потпрограма ЈГЕ - Реконструкција на дел од водоводната мрежа во населените места (замена на азбестните цевки и подобрување на мрежата за водоснабдување)“, износот „100.000,00“ се заменува со износот „0,00“.

**Член 5**

Во Глава „V.Трошоци за реализација на програмата за уредување на градежно земјиште“, во табелата во делот „Програма ЈИ – Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води“, износот „660.000,00“ се заменува со износот „100.000,00“.

Ви истата програма ЈИ, во делот „потпрограма ЈИ0 - Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води“, износот „660.000,00“ се заменува со износот „100.000,00“.

Ви истата програма ЈИ, во делот „потпрограма ЈИА - Атмосферска канализациона мрежа“, износот „80.000,00“ се заменува со износот „0,00“.

Ви истата програма ЈИ, во делот „потпрограма ЈИЛ - Изградба на пречистителна станица за отпадни води од Негорци, Негорски бањи, Прдејци и инд.зони „Блокотехна“ и „Прдејци“, износот „80.000,00“ се заменува со износот „0,00“.

**Член 6**

Во Глава „V.Трошоци за реализација на програмата за уредување на градежно земјиште“, во табелата во делот „Програма ЛА – Спорт и рекреација – Капитални расходи“, износот „1.900.000,00“ се заменува со износот „2.135.116,00“.

Ви истата програма ЛА, во делот „потпрограма ЛА0 - Спорт и рекреација – Капитални расходи“, износот„1.900.000,00“ се заменува со износот „2.135.116,00“.

**Член 7**

Во Глава „V.Трошоци за реализација на програмата за уредување на градежно земјиште“, во делот „Вкупно“, износот „50.548.804,00“, се заменува со износот „50.888.764,00 “.

**Член 8**

Во Глава „V.Трошоци за реализација на програмата за уредување на градежно земјиште“, во делот „Рекапитулација на расходите“, табелата “, се заменува со нова табела:

**„Рекапитулација на расходите:**

| Надлежност | Програма | ОПИС НА ПРОГРАМИТЕ | ИЗНОС |
|---|---|---|---|
| **Д** | | **МЕСНА САМОУПРАВА** | **150.000,00** |
| | **ДА** | Месна самоуправа – Капитални проекти | 150.000,00 |
| **Е** | | **ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА** | **11.400.000,00** |
| | **ЕА** | Капитални трошоци на општината | 11.400.000,00 |
| **Ф** | | **УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ** | **21.764.844,00** |
| | **Ф2** | Уредување на градежно земјиште | 1.000.000,00 |
| | **ФА** | Уредување на градежно земјиште-Капитални трошоци | 20.764.844,00 |
| **Ј** | | **КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ** | **15.438.804,00** |
| | **Ј7** | Одржување и користење на паркови и зеленило | 7.700.000,00 |
| | **Ј8** | Други комунални услуги | 3.697.000,00 |
| | **ЈА** | Изградба на јавно осветлување | 1.000.000,00 |
| | **ЈЕ** | Изградба на простор за паркирање | 20.000,00 |
| | **ЈГ** | Изградба на системи за водоснабдување | 100.000,00 |
| | **ЈИ** | Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води | 100.000,00 |
| | **ЈЈ** | Изградба на депонии за отпад | 100.000,00 |
| | **ЈЛ** | Капитални расходи за други комунални услуги | 1.721.804,00 |
| | **ЈМ** | Изградба на паркови и зеленило-Капитални расходи | 400.000,00 |
| | **ЈН** | Урбана опрема-Капитални расходи | 600.000,00 |
| **Л** | | **СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА** | **2.135.116,00** |
| | **ЛА** | Спорт и рекреација-Капитални расходи | 2.135.116,00 |
| | | **ВКУПНО РАСХОДИ** | **50.888.764,00** |

**Член 15**

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Гевгелија”.

Бр.09-2466/1
09.12.2022 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх с.р.**

---------------------------------------------------

Врз основа на член 14 став (4) и (15) од Законот за јавните патишта (“Службен весник на РМ” бр.84/2008, 52/2009, 114/2009, 124/10, 23/11,53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16 и 163/16), член 22 став (1) точка 4 од Законот за локалната самоуправа (“Службен Весник на РМ” бр.5/2002) и член 38 став (1) точка 12 од Статутот на Општина Гевгелија (“Службен гласник на Општина Гевгелија” бр.25/2006, 8/2010, 18/2014, 13/2020, 2/2021 и 5/2021), Советот на Општина Гевгелија, на седницата одржана на ден 09.12.2022 година, донесе:

## ПРОГРАМА
### за измена и дополнување на Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските патишта и улици во Општина Гевгелија за 2022 година

**Член 1**

Во Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските патишта и улици во Општина Гевгелија за 2022 година („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.15/2021), во член 2 став 1, износот „23.600.000,00 денари“, се заменува со износот „22.300.000,00 денари“.

**Член 2**

Во членот 2, табелата се заменува со нова табела:

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | **Комунални дејности** | **22.300.000,00** |
| | | **Ј 6** | Одржување и заштита на локални патишта и улици и регулирање на режим на сообраќај | 3.000.000,00 |
| | | **Ј Д** | Изградба и реконструкција на локални патишта и улици | 18.600.000,00 |
| | | **Ј Ф** | Изградба на сообраќајна сигнализација | 700.000,00 |
| | | | **ВКУПНО ПРИХОДИ** | **22.300.000,00** |

**Член 3**

Во член 3 став 1, износот „23.600.000,00 денари", се заменува со износот „21.800.000,00 денари".

**Член 4**

Во членот 3 во табелата во делот „Програма Ј6 – Одржување и заштита на локални патишта и улици и регулирање на режим на сообраќај", износот „3.000.000,00" се заменува со износот „3.500.000,00".

**Член 5**

Во членот 3,во табелата во делот „Програма ЈД – Изградба и реконструкција на општински патишта и улици", износот „19.600.000,00" се заменува со износот „18.600.000,00".

Во истата програма ЈД, во делот „потпрограма ЈД0 - Изградба и реконструкција на општински патишта и улици", износот „18.000.000,00" се заменува со износот „17.400.000,00".

Во истата програма ЈД, во делот „потпрограма ЈДА - Изградба на општински пат Конско-Серменин-Миравци", износот „200.000,00" се заменува со износот „0,00".

Во истата програма ЈД, во делот „потпрограма ЈДЦ - Изградба на Заобиколен пат околу Гевгелија (Јужен Булевар)", износот „200.000,00" се заменува со износот „0,00".

**Член 6**

Во членот 3 во табелата во делот „Програма ЈФ – Изградба на сообраќајна сигнализација ", износот „1.000.000,00" се заменува со износот „700.000,00".

**Член 7**

Во членот 3,во делот „Вкупно", износот „23.600.000,00 денари", се заменува со износот „22.300.000,00 денари".

**Член 8**

Во членот 3, табелата се заменува со нова табела:

| Надлежност | Програма | ОПИС НА ПРОГРАМИТЕ | ИЗНОС |
|---|---|---|---|
| **Ј** | | **КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ** | ***22.300.000,00*** |
| | **Ј6** | Одржување и заштита на локални патишта и улици и регулирање на режим на сообраќај | 3.000.000,00 |
| | **ЈД** | Изградба и реконструкција на локални патишта и улици | 18.600.000,00 |
| | **ЈФ** | Изградба на сообраќајна сигнализација | 700.000,00 |
| | | **ВКУПНО РАСХОДИ** | ***22.300.000,00*** |

**Член 9**

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-2467/1
09.12.2022 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх с.р.**

**-------------------------------------------------------------**

Врз основа на член 40 став (2) од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21год.), и член 125 став (2) и (3) од Деловникот на Советот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.05/07 и 21/07год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 09.12.2022 год., расправајќи по предлогот на Комисијата за прашања на избори и именувања, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за формирање Комисија за изработка на Програма за работа на Советот на Општина Гевгелија за 2023 година**

1.Со ова Решение се формира Комисија од пет члена за изработка на Програмата за работа на Советот на ОпштинаГевгелија.

2.За членови на горенаведената Комисија се именуваат:

- **Ѓорге Попов (претседател),**
- **Слаѓана Стаменковска (член),**
- **Надица Ристовски (член),**
- **Александар Пандовски (член),**
- **Сашко Јанчев (член).**

3.Комисијата за изработка на Програмата за работа на Советот на Општина Гевгелија за 2023 година се задолжува да ги собира, анализира и внесува во Програмата сите задачи и работи кои што се поднесени до Советот на Општина Гевгелија од страна на овластените предлагачи.

4.Се задолжува Комисијата за изработка на Програмата за работа на Советот на Општина Гевгелија за 2023 година да ги известува задолжените субјекти да ги достават актите и материјалите од својот делокруг на разгледување и усвојување пред Советот на Општина Гевгелија во зацртаниот рок воПрограмата.

5.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09- 2468/1
09.12.2022 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 36 од Законот за културата (“Службен весник на РМ“ бр.31/98..........11/18 год.) и член 38 став(1)точка 29одСтатутот на Општина Гевгелија (“Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21г.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 09.12.2022 година донесе

## РЕШЕНИЕ
### за усвојување на измените и дополнувањата на финансовиот план за 2022 година на ЈОУ Дом на култура “Македонија“ – Гевгелија

**1.**Се усвојуваат измените и дополнувањата на финансовиот план за 2022 година за планирани приходи и расходи за сметките 7150110405-903-14 К2-програма (блок дотации) и 7150110405-603-12-К2 (средства од основниот буџет на О.Г.) на ЈОУ Дом на култура “Македонија“ – Гевгелија, усвоени од Управниот одбор со Одлука бр.02-132/3 од 17.11.2022 г. и Одлука бр.02-132/4 од 17.11.2022 година.

**2**.Решение влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Гевгелија“.

Бр.09-2469/1
09.12.2022 година
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх с.р.**

---------------------------------------------------

Врз основа на член 11 став (1) точка 7 од Законот за јавните претпријатија (″Службен весник на РМ″ бр.38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 06/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19год. и "Службен весник на РСМ" бр.275/19 и 89/22г.) и член 38 став (1) точка 31 од Статутот на Општина Гевгелија (″Службен гласник на Општина Гевгелија″ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 09.12.2022 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
### за давање согласност на финансискиот извештај на Јавното претпријатие за комунални дејности ″Комуналец″- Гевгелија за периодот 01.01.2022г. – 30.09.2022година - КУМУЛАТИВНО

1.**Се дава согласност** на Финансискиот извештај на ЈПКД ″Комуналец″-Гевгелија за периодот од 01.01.2022 год. – 30.09.2022 година – кумулативно, усвоен и предложен од Управниот одбор на Јавното претпријатие со Одлука бр.02-1571/2 од 02.12.2022година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во ″Службен гласник на Општина Гевгелија″.

Бр.09-2470/1
09.12.2022 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх с.р.**

**-----------------------------------------------**

Врз основа на член 26 став (2) од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96, 6/02, 40/03 …...35/19год.), и член 36 став (1) точка 5 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02 год.) и член 38 став (1) точка 28 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.26/05, 8/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21год.), Советот на Општина Гевгелија, на седницата одржана на ден 09.12.2022 година, донесе

## РЕШЕНИЕ

**за разрешување член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие за комунални дејности "Комуналец"-Гевгелија**

1.Во Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие за комунални дејности "Комуналец" –Гевгелија, поради приватни причини,се разрешува:

**-Емилија Ристова од Гевгелија.**

2.Примерок од ова Решение да се достави до разрешениот член и до ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето на "Службен гласник на Општина Гевгелија"

Бр.09-2471/1
09.12.2022 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх с.р.**

**-----------------------------------------------------**

Врз основа на член 36 став (1) точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен гласник на РМ" бр.05/02год.), а во врска со член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на РМ" бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 148/18год. и "Службен весник на РСМ" бр.143/19 и 14/20 год.), и член 38 став (1) точка 44 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на

Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 09.12.2022 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за давање согласност на Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈОУДГ "Детска радост" – Гевгелија**

1.Со ова Решение се дава согласност на Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈОУДГ "Детска радост" – Гевгелија, донесен и предложен од Управниот одбор на оваа детска установа под бр.02-241/4  од 30.11.2022 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-2472/1
09.12.2022 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх с.р.**

**-------------------------------------**

Врз основа на член 118 став (3) од Законот за основно образование („Службен весник на РСМ“ бр. 161/19 и 229/20), член 50 став (1) точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), Градоначалникот на општина Гевгелија на ден 02.12.2022 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за престанок на мандат на Вршител на должност директор на Општинското Основно Училиште „Климент Охридски“-Миравци**

1. На Благица Радинска, со завршен  Педагошки факултет-дипломиран професор по одделенска настава, вработена во Општинско Основно Училиште „Климент Охридски“ - Миравци, и престанува мандатот на в.д. директор на Општинското Основно Училиште „Климент Охридски“- Миравци на лично барање.

2. Благица Радинска да биде распоредена на работа во ООУ „Климент Охридски“-Миравци, на работно место соодветно на нејзиниот вид и степен на стручна подготовка.

3. Ова Решение влегува на сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.08-2419/2
02.12.2022
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија

***Андон Сарамандов с.р.***

**-------------------------------------------**

Врз основа на член 118 став (3) и (4) од Законот за основно образование („Службен весник на РСМ" бр. 161/19 и 229/20), член 50 став (1) точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РСМ" бр. 5/02), Градоначалникот на општина Гевгелија на ден 02.12.2022 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување Вршител на должноста директор**
**на Општинското Основно Училиште „Климент Охридски"- Миравци**

1. За вршител на должноста директор на Општинското Основно Училиште „Климент Охридски" - Миравци, до избор на нов директор по пат на јавен оглас, но не подолго од 6 месеци од денот на именувањето, се именува
   - Каролина Димитрова, со завршен Педагошки факултет - професор по одделенска настава, вработена во Општинското Основно Училиште „Климент Охридски"-Миравци.

2. Именуваното лице од точка 1 ги има сите права и обврски предвидени со актите на ООУ „Климент Охридски"-Миравци, Законот за основно образование и другите законски прописи.

3. Ова Решение влегува на сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.08-2420/1
02.12.2022
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија
***Андон Сарамандов с.р.***

**----------------------------------------------------**

Врз основа на член 115 став (3) од Законот за основно образование („Службен весник на РСМ“ бр. 161/19 и 229/20), член 50 став (1) точка 16 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02 год.), Градоначалникот на општина Гевгелија на ден 02.12.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за задолжување на Училишниот Одбор на Основното Општинско Училиште „Климент Охридски“- Миравци за објавување јавен оглас за избор на директор**

**Член 1**

Со оваа одлука се задолжува Училишниот Одбор на Основното Општинско Училиште „Климент Охридски“ – Миравци, да објави јавен оглас за избор на директор на Основното Општинско Училиште „Климент Охридски“ – Миравци, при што целокупната постапка да биде завршена најдоцна пред истек на мандат на именуван директор, но не подолго од шест месеци.

**Член 2**

Во јавниот оглас ќе бидат утврдени условите кои со закон треба да ги исполни кандидатот за директор, потребната документација, времето на траење на јавниот оглас и рокот во кој ќе се изврши изборот.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува на сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Гевгелија“.

Бр.08-2421/1
02.12.2022 година
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија
***Андон Сарамандов с.р.***

---------------------------------------------

Врз основа на член 118 став (3) од Законот за основно образование („Службен весник на РСМ“ бр. 161/19 и 229/20), член 50 став (1) точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), Градоначалникот на општина Гевгелија на ден 02.12.2022 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за престанок на мандат на в.д. директор на**
**Општинското Основно Училиште „Ристо Шуклев“- Негорци**

1. На Доне Ристовски, со завршен  Факулетет за физичко образование и спорт, вработен во Општинско Основно Училиште „Ристо Шуклев“-Негорци му престанува мандатот на в.д. директор на Општинското Основно Училиште „Ристо Шуклев“-Негорци на лично барање.

2. Доне Ристовски да биде распореден на работа во ООУ „Ристо Шуклев“-Негорци, на работно место соодветно на неговиот вид и степен на стручна подготовка.

3. Ова Решение влегува на сила со денот на  донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Гевгелија“.

Бр.08-2422/2
02.12.2022
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија

***Андон Сарамандов с.р.***

**------------------------------------------------**

Врз основа на член 118 став (3) и (4) од Законот за основно образование („Службен весник на РСМ“ бр. 161/19 и 229/20), член 50 став (1) точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РСМ“ бр. 5/02), Градоначалникот на општина Гевгелија на ден 02.12.2022 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување Вршител на должноста директор**
**на Општинското Основно Училиште „Ристо Шуклев“- Негорци**

1. За вршител на должноста директор на Општинското Основно Училиште „Ристо Шуклев“ - Негорци,  до избор на нов директор по пат на јавен оглас, но не подолго од 6 месеци од денот на именувањето, се именува

   -Вера Прошевска, со завршен Педагошки факултет – одделенски наставник, вработена во Општинското Основно Училиште „Ристо Шуклев“ – Негорци.

2. Именуваното лице од точка 1 ги има сите права и обврски предвидени со актите на ООУ „Ристо Шуклев“ – Негорци, Законот за основно образование и другите законски прописи.

3. Ова Решение влегува на сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Гевгелија“.

Бр.08-2423/1
02.12.2022
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија

***Андон Сарамандов с.р.***

**-------------------------------------------**

Врз основа на член 115 став (3) од Законот за основно образование („Службен весник на РСМ“ бр. 161/19 и 229/20), член 50 став (1) точка 16 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02 год.), Градоначалникот на општина Гевгелија на ден 02.12.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за задолжување на Училишниот Одбор на**
**Основното Општинско Училиште „Ристо Шуклев“- Негорци**
**за објавување јавен оглас за избор на директор**

**Член 1**

Со оваа одлука се задолжува Училишниот Одбор на Основното Општинско Училиште „Ристо Шуклев“ – Негорци, да објави јавен оглас за избор на директор на Основното Општинско Училиште „Ристо Шуклев“ – Негорци, при што целокупната постапка да биде завршена најдоцна пред истек на мандат на именуван директор.

**Член 2**

Во јавниот оглас ќе бидат утврдени условите кои со закон треба да ги исполни кандидатот за директор, потребната документација, времето на траење на јавниот оглас и рокот во кој ќе се изврши изборот.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува на сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Гевгелија“.

Бр.08-2424/1
02.12.2022 година
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија

***Андон Сарамандов с.р.***

**---------------------------------------------------**

Врз основа на член 62 став 1 алинеа 14 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21) и член 20 од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Гевгелија за 2022 година („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.15/21), Градоначалникот на општина Гевгелија, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за распоредување на дел од средствата на Буџетот**
**на Општина Гевгелија за 2022 година**

1. Дел од средствата на Буџетот на Општина Гевгелија за 2022 година, ставка 464 подставка 464990 - Други трансфери, Програма Х1- Родова еднаквост, во износ од 1.000,00 денари и персонален данок, се доделуваат на **Мирјана Крстева Массетти** од Гевгелија за членување во Комисија за оценување и избор на најдобри цртежи по Ликовен конкурс на тема „Женски права“, распишан од Општина Гевгелија.

2. Решението ќе го изврши Одделението за финансиски прашања и средствата ќе се исплатат на трансакциона сметка на Мирјана Крстева Массетти.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Гевгелија“.

**О б р а з л о ж е н и е**

Општина Гевгелија на ден 28.09.2022 година распиша Ликовен конкурс со број 14-1997/1 на тема: „Женски права“ наменет за ученици од VI до IX одделение, како реализација на една од активностите од Програмата на Општина Гевгелија во областа на еднаквите можности на жените и мажите.

Согласно член 3 од Решението со број 14-1997/2 за формирање комисија за оценување и избор на најдобри цртежи по Ликовен конкурс на тема: „Женски права“ на

